### 3. Потребни документи за пријавување

Во прилог на електронската пријава, треба да се прикачат следните скенирани и потпишани документи (кај оние за кои треба потпис) во полето **Attach file:**

- Пријава за запишување – образец А1 (универзитетски пријавен лист, достапен во книжарници во близина на Факултетот) ;
- Електронска пријава (испечатена од iKnow системот – интерен и пријавен лист);
- Оригинални сведителства од сите класови;
- Документ за положена државна матура (оригинално сведителство за завршено средно образование);
- Извод од матична книга на родените (оригинал);
- Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение, оригинал);
- Потврда (уплатница) за уплатени 300,00 денари на жиро сметка на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, образец ПП 50 (на уплатницата задолжително да има Име и Презиме и ЕМБГ на апликантот)

**Назив на примачот:** Факултет за ветеринарна медицина во Скопје
**Депонент (Банка):** НБРСМ
**Трезорска сметка:** 100000000063095
**Износ:** 300,00 денари
**Сметка на буџетски корисник единка:** 1600104561 788 15
**Приходна шифра и програма:** 723012 41
**Цел на дознака:** за студиски програми за кои не се врши проверка на знаењата и умеења

- Потврда (уплатница) за уплатена административната такса во износ од 50,00 денари о**бразец ПП 50**

**Назив на примачот:** Трезорска сметка-Скопје
**Банка на примачот:** НБРСМ
**Трансакциска сметка:** 100000000063095;
**Уплатна сметка:** 840-XXX-03161
**Конто:** 722313 00

- Лична карта или пасош (документ за идентификација на кандидатот на увид).

Доколку кандидатот не се запишува лично, лицето кое ќе го запишува треба да донесе полномошно заверено на нотар.

**Пријавувањето за упис на кандидатите во вториот уписен рок на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е на 15 и 16.09.2022 година, од 09-14 часот, со задолжително физичко присуство и приложување на претходно наведените документи – во оригинал.**



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk